СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1654/2022

Дата........................
0 9 -09- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Карбинци, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци.**

Предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани се со моќност до 10 MW и зафаќаат површина од 7,4 ha.

Предметниот опфат се наоѓа на КП 6/41, КП 3/4, КП 3/3, КП 3/2, КП 4/2, КП 5/13, КП 5/6, КП 5/4, КП 5/1, КП 5/2, КП 5/3 , КП 6/37 КП 6/18, КП 6/17, КП 6/16, КП 6/15, КП 6/14, КП6/13, КП 6/12, КП 6/11, КП 6/10, 6/9 и КП 4/1 – дел, КО Таринци, и КП 2133, КО Карбинци-вон г.р., Општина Карбинци.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y29322** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија нои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци, треба да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија нои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. При донесување на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија нои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Карбинци, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку електронскиот систем е-урбанизам, со број на постапка УПП 44090 од 22.06.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот за **изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија нои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци.**

Предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани се со моќност до 10 MW и зафаќаат површина од 7,4 ha.

Предметниот опфат се наоѓа на КП 6/41, КП 3/4, КП 3/3, КП 3/2, КП 4/2, КП 5/13, КП 5/6, КП 5/4, КП 5/1, КП 5/2, КП 5/3 , КП 6/37 КП 6/18, КП 6/17, КП 6/16, КП 6/15, КП 6/14, КП6/13, КП 6/12, КП 6/11, КП 6/10, 6/9 и КП 4/1 – дел, КО Таринци, и КП 2133, КО Карбинци-вон г.р., Општина Карбинци.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1654/2022 од 26.08.2022 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија нои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија нои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци -вон г.р., Општина Карбинци** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби
Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk